

ВОДИЧ ЗА СТУДЕНТИ НА ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ

Почитувани студенти,

Добредојдовте на вашиот академски пат!

Со особена чест и задоволство ви го претставуваме „Водичот за студенти на прв циклус студии“, во кој се содржани вашите права и обврски, условите, критериумите, правилата и постапките за запишување и студирање на додипломските студии.

Целта на овој водич е да ви овозможи полесна ориентација низ студиите и академскиот живот. Веруваме дека неговата содржина ќе ви помогне полесно да ги совладувате предизвиците и да го извлечете максимумот од вашето образование.

Студирањето е пат исполнет со предизвици, но и со многу нови искуства и можности.

Ве охрабруваме да бидете активни учесници во академската заедница, да ги користите сите можности што ги нуди факултетот, да го негувате критичкото размислување и да тежнеете кон знаење кое ќе ве подготви за предизвиците на современото општество.

Ви посакуваме успешни студии и исполнување на сите ваши цели.

Со почит,

Проф. д-р Миле Маркоски

ДЕКАН



ПРАВА И ОБВРСКИ НА СТУДЕНТИТЕ, УСЛОВИ, КРИТЕРИУМИ, ПРАВИЛА И ПОСТАПКА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ И СТУДИРАЊЕ НА ПРВ ЦИКЛУС (ДОДИПЛОМСКИ СТУДИИ)

Содржина

Студент 5-11

Семестар и Студиска програма 12-14

Испити 15-21

Завршување на студиите 22-23

Други права и поволности 24-29

Дисциплинска одговорност и студентско собрание 30-32



СТЕКНУВАЊЕ СТАТУС НА СТУДЕНТ



- Статусот студент и член на академската заедница се стекнува со запишување на прв циклус студии на Факултетот.
- По склучување на Договор за студирање помеѓу студентот и Факултетот, на студентот му се издава индекс.
- Студентот има статус студент само доколку има запишано тековен зимски/летен семестар.



Секој Почеток е Моќен!

АКТИ СО КОИ СЕ УРЕДЕНИ ПРАВАТА И ОБВРСКИТЕ НА СТУДЕНТИТЕ

- Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на УКИМ
- Одлука за правила на студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје
- Закон за високото образование
- Статут на УКИМ
- Статут на ФЗНХ



* Актите се достапни на интернет страницата на УКИМ и на ФЗНХ:

http://www.fznh.ukim.edu.mk

РЕДОВЕН И ВОНРЕДЕН СТУДЕНТ



Редовните студенти на првиот циклус студии се запишуваат со плаќање партиципација (квота со партиципација) или со плаќање школарина (квота со школарина), согласно со конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии.

Вонредните студенти на првиот циклус студии се запишуваат со целосно плаќање школарина.

• Како вонреден студент може да се запише лице кое:

1. е вработено, за што приложува образец М1/М2 издаден од Агенцијата за вработување;
2. е работно ангажирано на друг начин, за што приложува соодветен документ (договор за ангажирање) во кој е наведено времетраењето на ангажирањето;
3. поради здравствени причини не е во состојба континуирано да ја следи наставата, вежбите и др. согласно со студиската програма, за што приложува Лекарско уверение издадено од З.У. Студентска поликлиника на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;
4. родител на дете до една година возраст за што приложува Извод од матична книга на родени на детето;
5. -се отселило во странство, за што приложува соодветен документ (виза, дозвола за престој или друг документ од надлежен орган во земјата каде престојува преведено на македонски јазик);
6. професионален спортски или уметнички ангажман и сл. за што приложува соодветен договор;
7. привремен престој во странство (виза, дозвола за престој или друг документ од надлежен орган во земјата

ПРЕМИН ОД РЕДОВЕН ВО ВОНРЕДЕН СТУДЕНТ И ОД ВОНРЕДЕН ВО РЕДОВЕН

- Во текот на студирањето, доколку со студиската програма е утврдена можност за вонредно студирање, редовниот студент има право да го продолжи студирањето како вонреден студент, со плаќање школарина и поднесување на соодветна документација.
- Вонредниот студент има право да го продолжи студирањето како редовен студент со плаќање школарина.
- Студентот е должен барањето за промена на статус да го поднесе најмалку една недела пред запишувањето на семестарот.

ПРЕМИН НА СТУДЕНТ ОД КВОТА СО ПАРТИЦИПАЦИЈА ВО КВОТА СО ШКОЛАРИНА

Студент запишан во квота со партиципација го губи статусот на студент запишан во квота со партиципација и ги продолжува студиите во квота со школарина ако:

1. еден предмет запишува по трет пат;
2. не освоил најмалку 50% од запишаните кредити во соодветен семестар до почетокот на наредниот соодветен семестар (зимски односно летен);
3. доколку прекинот трае 3 и повеќе последователни семестри.

СТУДЕНТ ГОСТИН



- Студент гостин може да биде редовен или вонреден студент од друг универзитет во земјата и од странство кој запишува делови од студиска програма на Факултетот.
- Студентот гостин поднесува барање за добивање на статус „Студент гостин“ најмалку 1 месец пред почетокот на семестарот. Во барањето ја наведува студиската програма и предметите кои бара да ги запише. Секој предмет носи број на кредити утврден во студиската програма. Максималниот број на кредити по семестар изнесува 35 ЕКТС кредити.
- Статусот на студент гостин трае најдолго една учебна година.
- Правата и обврските на студентот гостин, износот на трошоците за студирањето, можноста за продолжување на студиите на Факултетот и други прашања поврзани со статусот на студентот гостин се уредуваат со Договор склучен помеѓу студентот гостин и Факултетот.

СТУДЕНТ НА МОБИЛНОСТ

- Студент на мобилност може да биде редовен студент на прв циклус, втор циклус и трет циклус студии на Факултетот кој запишува делови од студиската програма на која е запишан на универзитет или факултет во странство, односно остварува студентска мобилност за студирање, како и редовен студент на прв циклус, втор циклус и трет циклус студии на Факултетот кој остварува студентска мобилност за пракса/стажирање во странство.
- Правата и обврските на студентот на мобилност се уредуваат со соодветните документи на Универзитетот и факултетот.
- Студентите мобилноста ја остваруваат преку Канцеларијата за меѓународна соработка на Факултетот, овластениот продекан и/или наставникот определен за координатор

- Студентската мобилност може да се реализира преку Erasmus+ програмата на Европска Унија, програмата CEEPUS на Европска Унија и преку договор за директна билатерална соработка помеѓу универзитетот/факултетот со универзитет/факултет во странство со кој ќе се утврдат и можности за студентска мобилност.
- Студентот, мобилноста на универзитет/факултет во странство ја остварува со пријавување на конкурсот за индивидуална мобилност за студенти кој го објавува универзитетот/факултетот, во согласност со условите, роковите и потребните документи пропишани со истиот.



СТУДЕНТСКИ КАЛЕНДАР

• По донесување на Универзитетскиот календар, Факултетот донесува Студентски календар, кој се објавува на почетокот на секој семестар на веб страницата и на огласната табла на Факултетот.

• Студентскиот календар содржи:

1. Наставен и соработнички кадар што ќе ја реализира наставата на студиската програма;
2. Време и место на одржување на наставата (амфитеатар, предавална, лабораторија);
3. Облицина наставата (предавања, семинари, вежби, консултации, теренска наставата, проверка на знаењата и др.);
4. Попис на литература релевантна за студиите и за полагање на испитите;
5. Други упатства за наставата;
6. Термини за пријавување на испитите;
7. Распоред на термините за полагање на испитите, испитни рокови и мерила за испитување;

РЕДОВНОСТ НА СТУДЕНТИТЕ НА НАСТАВА

- Согласно со студиската програма, односно со предметната програма, редовните студенти се должни да ги посетуваат, односно да ги извршуваат сите облици на настава утврдени со предметната програма, за што може да се добијат соодветен број поени.
- Евиденцијата за присуство и за активности на час се изразува во поени како што е предвидено со предметната програма.
- На студент кој оправдано изостанал од кој било дел од наставата, на негово барање може да му се овозможи изостанатиот дел да го надомести.

НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТОТ

- Студентите напредуваат во студиите преку исполнување на обврските предвидени со студиската програма, полагањето испити, административна заверка на освоени кредити и запишување на наредниот семестар, односно година.
- Студентот напредува во текот на студирањето, односно запишува предмети со соодветен број кредити.
- Студентите во еден семестар запишуваат минимум 21, а максимум 35 ЕКТС - кредити.

ОСОБЕНО УСПЕШЕН СТУДЕНТ

- Статус на особено успешен студент стекнуваат студентите на прв циклус студии кои пред запишување на семестарот ги имаат исполнето сите обврски од студиската програма од претходните семестри и имаат остварено просечен успех од најмалку 8,5.
- На особено успешните студенти (со просечен успех од 8,5) може да им се дозволи запишување до 40 ЕКТС-кредити.
- Факултетот донесува Одлука за доделување школарина на студенти на прв циклус студии, кои одржуваат континуиран просечен успех над 9,50 од првата до последната завршена студиска година.



ЗАПИШУВАЊЕ НА СЕМЕСТАР

- Студиската година почнува на 1 октомври, а завршува на 30 септември следната година и се дели на два семестра, зимски и летен семестар.
- Запишувањето на предметните програми во следниот семестар се врши пред почетокот на соодветниот семестар.
- Студентот е должен да го запише семестарот по електронски пат и да поднесе писмена пријава во Одделението за студентски прашања во рамки на роковите за запишување на семестарот.
- Запишувањето се врши во период од 2 седмици пред почетокот на семестарот и не смее да трае повеќе од 7 дена од почетокот на семестарот.
- Соопштението за запишување на семестарот Факултетот го објавува 2 седмици пред терминот за запишување на семестарот, утврден во Студентскиот календар.
- Студентот кој не го запишал семестарот во предвидениот рок, тоа може да го стори под одредени услови во дополнителни термини, но не подоцна од 4 седмици после започнувањето на семестарот.



ЗАПИШУВАЊЕ/ ПРЕЗАПИШУВАЊЕ ПРЕДМЕТИ

- При запишувањето на предметите, студентот најпрво ги запишува неположените задолжителни и изборни предмети од соодветниот (летен/зимски) семестар, а потоа задолжителните предмети од тековниот семестар, и на крај, изборните предмети од тековниот семестар, но на тој начин што неговите вкупни студиски обврски во еден семестар да не го надминуваат бројот на 35 ЕКТС-кредити.
- Во зимскиот семестар се запишуваат предмети што се утврдени во студиските програми за зимскиот семестар.
- Во летниот семестар се запишуваат предмети што се утврдени во студиските програми за летниот семестар.
- При повторно запишување на неположен изборен предмет, студентот има право да го замени изборниот предмет со друг изборен предмет од предметите што се активирани во соодветниот семестар како изборни предмети.
- Студентот кој не го положил предметот во трите испитни рока е должен предметот да го презапише.
- Со повторното запишување студентот има право да следи настава по повторно запишаниот предмет со следната генерација студенти. Во случај да нема следна генерација, наставата ќе се одвива со консултации.

ЗАВЕРКА НА СЕМЕСТАР

- Студентот заверува семестар доколку има добиено потписи од предметните наставници, со што се потврдува неговото исполнување на предвидените наставни обврски.
- Студентот кој не ги извршил обврските пропишани со студиската програма од одредена предметна програма и не добил потпис, не може да пристапи на испит.
- При заверка на семестарот, доколку на студентот му недостасуваат потписи од предметни наставници, ќе му биде овозможено да направи само административна заверка на семестарот, согласно Анексот.
- Со административната заверка на семестарот студентот не се стекнува со право да полага испит по предметните програми за кои не ги завршил обврските.

ПРИПАДНОСТ КОН ОДРЕДЕНА СТУДИСКА ГОДИНА

- Припадноста кон одредена студиска година се определува врз основа на кредитите што студентот ги освоил, сметајќи дека просечната оптовареност во текот на една учебна година изнесува 60 кредити, односно просечната оптовареност во текот на еден семестар изнесува 30 кредити.

- Се смета дека студентот е:

1. Запишан во II студиска година, доколку има освоено најмалку 30 кредити и запишано најмалку еден предмет од III семестар;
2. Запишан во III студиска година, доколку има освоено најмалку 90 кредити и запишано најмалку еден предмет од V семестар;
3. Запишан во IV студиска година, доколку има освоено најмалку 150 кредити и запишано најмалку еден предмет од VII семестар.

ИСПИТЕН РЕЖИМ

- Проверката на знаењата на студентите се врши континуирано, во текот на наставно-образовниот процес за сите предмети што студенот ги запишал. Остварените резултати се изразуваат во поени.

- Континуираната проверка на знаењата може да се врши преку:

- колоквиуми
- вежби/практична/теренска настава;
- домашна работа;
- проектна работа;
- семинарска задача;
- истражување на литература;
- други активности предвидени со предметната програма и др.

- За успешен колоквиум се смета оној во кој студентот ќе освои минимум 51% од предвидениот број поени. Со успешно положени предвидени колоквиуми и исполнети обврски студентот се ослободува од испитот, но испитот се пријавува во тековната сесија.

- Доколку студентот не се јави на колоквиумите или не ги положи предвидените колоквиуми, тогаш задолжително полага завршен испит во тековната сесија.

ИСПИТНИ РОКОВИ

- Студентот има право да го полага предметот во рамките на есенскиот, зимскиот и летниот испитен рок. Периодот и траењето на сесиите се определуваат со Календарот за активностите и неработни денови на факултетот, за секоја учебна година, а со Студентскиот календар распоредот на термините за полагање на испитите, за секоја испитна сесија.

- Во исклучителни ситуации за одредени предмети може да се организира дополнителен термин за полагање на испитите. Одлука за организирање на дополнителен термин носи Наставно-научниот совет на барање на Факултетското студентско собрание.

- Распоредот на испитите е задолжителен за студентите и за предметните наставници и соработници.

ПРИЈАВУВАЊЕ НА ИСПИТИ

- Студентите кои уредно го запишале семестарот ги пријавуваат испитите по предметите кои ги запишале во соодветниот семестар и тоа без разлика дали испитите ги положиле со континуирано оценување или се полагале на завршен испит.
- Пријавувањето на испитите се врши преку системот за електронско водење на студентот Iknow - www.iknow.ukim.mk. По писмен пат испитот се пријавува со пријавен лист во материјална форма која студентот ја доставува до предметниот наставник на денот на полагање на испитот.
- Студентот е должен да го пријави испитот во роковите утврдени во Календарот за активности и објавени на веб-страната на Факултетот.
- Студентот пристапува на испит со индекс.
- Доколку студент полагал испити/колоквиуми, а немал запишано семестар или ги немал исполнето условите за да може да пристапи на испит истите му се поништуваат, со решение потпишано од Деканот.

ДИНАМИКА И ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ИСПИТОТ

- Проверката на знаењата се врши со континуирано доделување на поени за секој облик на активност и проверка на знаењето во текот на семестарот, како и на завршниот испит на крајот од семестарот.
- Студентот може да биде оптеретен со полагање на најмногу еден испит во еден ден. По исклучок, студентот може да полага и два испита во ист ден доколку предметите не се од иста студиска година.

ЈАВНОСТ НА ИСПИТОТ

- Испитите се изведуваат во присуство на јавноста.
- Не смеат да се изведуваат испити за само еден студент без присуство на други лица (студент, асистент, друг наставник)

ИЗВЕДУВАЊЕ НА ИСПИТИТЕ

- Наставникот или соработникот е должен да го провери идентитетот на студентот кога ќе пристапи на испит. Идентитетот се докажува со индекс.
- Во случај студентот да не го носи индексот, идентитетот се докажува со лична карта или пасош.
- Испитот може да биде: писмен, устен, практичен и комбиниран (писмен и устен, практичен и устен, практичен и писмен).
- Кога испитот се состои од устен дел, завршниот резултат наставникот го соопштува веднаш по одржаниот јавен испит.
- Резултатите од писмениот испит, изразени во бодови, се објавуваат во рок од седум работни дена од денот на полагање на испитот.
- Студентот има право на увид во испитната документација во термините што ќе бидат објавени, но не подолго од 2 (два) работни дена од објавување на резултатите.



ПРАВИЛА НА ОДНЕСУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ НА ИСПИТ

- За време на полагање на писменият испит не е дозволено:

1. Препишување, зборување и вртење;
2. Да се има вклучен мобилен телефон или било каков друг аудио или визуелен носач/ пренесувач на информации за поставеното прашање, освен ако природата на задачата бара или дозволува употреба на дигитална технологија;
3. Ненавремено предавање на тестот откако наставникот соопштил дека времето за пишување завршило;
4. Било какво користење на литература за поставеното прашање освен доколку природата на наставниот предмет дозволува користење на истата во текот на испитот;

- За време на полагање на усниот испит не е дозволено:

1. Допишување, зборување или соработка меѓу студентите, освен доколку наставникот дозволи таков начин на работа;
2. Да се има вклучен мобилен телефон или било каков друг аудио или визуелен носач/ пренесувач на информации за поставеното прашање, освен доколку природата на задачата бара или дозволува употреба на дигитална технологија;
3. Било какво користење на литература за поставеното прашање освен ако природата на наставниот предмет дозволува користење на истата во текот на испитот.

ОБЈАВУВАЊЕ РЕЗУЛТАТИ ОД ИСПИТОТ

- Оценките кои студентите ги добиле во проверката на нивните знаења се објавуваат на јавно место (огласна табла, веб-страницата на Факултетот и сл.), во рок од 7 работни дена од спроведената проверка, односно од денот на полагањето на испитот.
- Наставниците се должни, по барање на студентот, да обезбедат увид во прегледаниот труд и добиената оценка, во рок од 2 работни дена од објавувањето на резултатите.

КОМИСИСКО ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТ

- Ако наставникот двапати го оцени испитот на студентот со оценка „5" (пет), третиот пат т.е. во третата испитна сесија студентот има право да побара од Деканот да формира тричлена комисија од наставници од исто или сродно наставно-научно подрачје пред која студентот ќе го полага испитот.
- Барањето за комисиско полагање со податоци за предметот, наставникот кај кого го полагал испитот и термини на претходните 2 полагања, студентот го доставува во Одделението за студентски прашања пред наредната испитна сесија.
- Доколку се исполнети условите, Деканот со решение формира тричлена комисија од наставници од исто или сродно наставно-научно подрачје пред која студентот ќе го полага испитот. Наставникот кај кого полагал студентот не е член на комисијата.
- Студентот кој и по трет пат не успеал да го положи испитот е должен повторно да го запише тој предмет.

ПРИГОВОР ПОРАДИ ОЦЕНКА ОД ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕТО

- Во случај на поднесување на приговор, согласно Одлуката, а доколку се однесува за неположен испит (за оценка „5“) и истата оценка е потврдена од предметниот наставник, а студентот не е задоволен од резултатот има право преку доставување писмено барање до Архивата на Факултетот да побара од Деканот полагање пред тричлена комисија. Доколку Деканот оцени дека студентот ги исполнува условите за комисиско полагање, донесува решение за поништување на оценката и формирање на комисија за полагање на испитот, составена од три члена на наставници од исто или сродно наставно-научно подрачје.
- Во случај приговорот да се однесува за положен испит, доколку наставникот ја потврди односно ја измени добиената оценка, а студентот не е задоволен од резултатот, има право преку доставување писмено барање до Архивата на Факултетот да побара од Деканот полагање пред тричлена комисија. Одделението за студентски прашања проверува дали се исполнети условите по поднесеното барање од студентот. Доколку се исполнети условите, Деканот донесе Решение за поништување на оценката и формирање на комисија за полагање на испитот, составена од три члена на наставници од исто или сродно наставно-научно подрачје. Одделението за студентски прашања запишува дека Деканот ја поништува претходно добиената оценка во пријавата на студентот со Решение, и истото е составен дел од досието на студентот.
- Во двата случаеви, испитот треба да се изведе во рок од 3 (три) работни дена од донесување на решението за поништување на оценката и формирање на комисија за полагање на испитот.
- Оценката добиена на повтореното оценување е конечна.

СПОРЕДЛИВОСТ НА СИСТЕМОТ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

- Нумеричкиот систем за оценување се споредува со системот за оценување според ЕКТС.

** Скалата со проценти се утврдува со студиската програма.*

10 => A	**A => 10**
9 => B	**B => 9**
8 => C	**C => 8**
7 => D	**D => 7**
6 => E	**E => 6**
5 => F	**F,FX => 5**

ПОВТОРУВАЊЕ НА ИСПИТ



- На студентот, по негово барање, му се овозможува да го повтори испитот за повисока конечна оценка по предметот, во период од најмногу четири месеци од полагањето.
- Барањето за повторено полагање на испитот се доставува до деканот.
- Деканот со решение ја поништува оценката, кое е составен дел на пријавата.
- Овластено лице од службата на пријавата запишува дека студентот ја поништува оценката со решение бр. ____од ____година.
- За повтореното полагање, студентот поднесува нова пријава и добиената оценка од повтореното полагање се запишува во новата пријава.
- Оценката добиена на повтореното полагање е конечна и студентот нема право на повторно полагање.

ПЕРИОД НА ЗАВРШУВАЊЕ НА СТУДИИТЕ

- Студентите на прв циклус студии имаат право да ги завршат започнатите студии според условите и студиската програма на која се запишале, најдолго во времето што е двапати подолго од пропишаното траење на студиите, односно најмногу 8 (осум) години за четиригодишните студии, од почетокот на учебната година кога е извршен уписот на факултетот.

- Рокот за завршување на студиите ја вклучува и третата испитна (последна) сесија предвидена за предметите запишани во летниот семестар.

- По истекот на рокот студентот може да ги продолжи студиите со поднесување на образложено барање за продолжување на студиите, придружено со соодветна документација.



ЗАВРШУВАЊЕ НА СТУДИИТЕ

- Студентот ги завршил студиите од прв циклус кога ќе ги положи сите испити, и ќе ги исполни сите обврски предвидени со студиската програма и ќе изработи и успешно ќе одбрани дипломска работа согласно со акредитираната студиска програма. Со завршувањето на студиите од прв циклус, студентот се стекнува со најмалку 240 ЕКТС-кредити.

ДИПЛОМСКА РАБОТА

- Дипломската работа како задолжителен предмет се запишува во семестарот како што е утврдено со студиската програма.

- Дипломската работа е завршен испит и има рамноправен третман како и другите предмети предвидени со студиската програма и истата се презапишува.

- Студентот може да пријави дипломска работа доколку има освоено најмалку 210 ЕКТС.

- Студентот може да избере тема за изработка на дипломска работа од наставно-научната област што се изучува на Факултетот и истата се работи под менторство на наставник, кај кој студентот слушал и полагал најмалку еден предмет во текот на студиите.

- Постапката за пријавување, оцена и одбрана на дипломска работа е објаснета во Упатството за постапка за пријавување, оцена и одбрана на дипломска работа на прв циклус студии на ФЗНХ-Скопје.

ДРУГИ ПРАВА И ПОВОЛНОСТИ НА СТУДЕНТИТЕ

- Студентите на сите степени на високо образование, кои се без родители, слепи, глуви, инвалиди од прва и втора група, мајки со деца до шестгодишна возраст и хоспитализираните, имаат право на дополнителни испитни рокови.

1. МИРУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ НА СТУДЕНТОТ

На студентот, по негово барање, му мируваат обврските:

1. за време на бременост, за што приложува медицинска документација;
2. на студент со дете до 1 (една) година старост, за што приложува извод од матична книга на родени за детето;
3. за време на болест подолга од 1 (еден) семестар, за што приложува потврда и медицинска документација;
4. поради семејни причини, заради што приложува соодветен доказ или образложение за причините;
5. за време на меѓународна размена на студентите во траење подолго од 30 дена во текот на одржувањето на наставата, доколку со наведената размена не се стекнуваат ЕКТС-кредити;
6. за време на подготовка и настапи на спортски настани кога има статус на член на репрезентацијата на Република Сееверна Македонија;
7. неможност за исполнување на финансиските обврски за што приложува докази за материјалната состојба на студентот и неговото семејство;
8. ако се запише на иста студиска програма на универзитет во странство, во постапка предвидена со ЕКТС правила за упис на друг универзитет;
9. посета на разни курсеви во траење подолго од 2 месеци во времетраење на семестарот (полиција, војска, авијација и сл.), за што приложува соодветна документација;
10. во други случаи за чија оправданост одлучува Деканот, односно по негово овластување, Продеканот за настава.

2. МИРУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ НА СТУДЕНТОТ

- Барањето за мирување се поднесува пред да настапи мирувањето, во роковите за упис на семестарот. По исклучок, барањето за мирување може да се поднесе и во текот на учебната година доколку причината за мирување не била позната и не можела да се предвиди во моментот на запишување на семестарот.

- Доколку за време на мирувањето на обврските настанат измени во студиската програма, студентот продолжува да студира на изменетата студиска програма и е должен да ги исполни обврските кои претставуваат разлика помеѓу двете студиски програми.

- За време на мирувањето на обврските, студентот може да полага испити доколку ги исполнил условите за полагање на тие испити.

- Студентот е должен да го активира студирањето во рок од 15 дена по престанокот на причините за мирување.

- Студентот кој ги ставил студиите во мирување, а мирувањето не е прекинато до почетокот на наредната учебна година, должен е на почетокот на учебната година и секоја наредна учебна година да го продолжи мирувањето.

- Доколку студентот не постапи на овој начин, се смета дека ги прекинал студиите.

- За времетраењето на мирувањето на обврските, студентот не се задолжува со финансиски обврски доколку ги има измирено заостанатите финансиски обврски.

ИЗМЕНА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

- Студентот што студирал според некоја од претходните програми и го нема завршено студирањето во роковите утврдени со тие програми, го продолжува студирањето согласно со условите за премин на нови студиски програми.
- При преминувањето на нова студиска програма студентот поднесува барање на пропишан образец. Студентот има право да побара признавање на положените испити и остварените кредити од студиската програма на која претходно студирал.
- Со барањето приложува индекс и уверение за положени испити од студиската програма на која претходно студирал.
- Деканот формира Комисија за признавање и еквиваленција на испитите и кредитите во состав од 3 наставници

ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ПРЕКИНАТИТЕ СТУДИИ

- Се смета дека студентот ги прекинал студиите доколку не запише семестар, заклучно до почетокот на наредниот семестарот и тогаш кога ги исполнил условите за упис.
- Доколку за време на прекинот на студиите се измени студиската програма, студентот е должен да ги ислуша, да ги исполни и да ги полага разликите во изменетата студиска програма.
- Студентите кои ги прекинале студиите, а студиските програми по кои се запишале се згаснати, прекинатите студии можат да ги продолжат според студиски програми кои се применуваат во моментот.
- Студентот е должен да достави образложено барање во рамки на роковите утврдени за упис на семестар согласно Календарот за активностите и со Студентскиот календар.
- Кон барањето приложува индекс и уверение за положени испити како и други докази соодветни на барањето.
- Студентот ги продолжува студиите со плаќање школарина доколку прекинот трае 3 (три) и повеќе последователни семестри.

ПРЕМИН ОД ЕДНА НА ДРУГА СТУДИСКА ПРОГРАМА



- Во текот на студиите, студентот може да премине од една на друга студиска програма на Факултетот, како и на студиска програма од друг факултет, под услови утврдени со студиската програма на која се преминува.
- Студентот самостојно ги сноси трошоците за преминување од една на друга студиска програма и трошоците за школување на студиската програма на која преминал во квотата со школарина.
- За премин од една на друга студиска програма, студентот поднесува барање се до Деканот на Факултетот најдоцна 20 (дваесет) дена пред почетокот на семестарот. Во прилог на барањето студентот доставува:

1. *Индекс*
2. *Оригинал уверение за положени испити со називи на предмети, фонд на часови, оценки, број на кредити, статус на предметот;*

- Комисијата за признавање на испити и кредити формирана од Деканот го разгледува барањето и врши признавање на испити и кредити. Во зависност од бројот на освоени кредити студентот го продолжува студирањето во соодветниот семестар, односно година.

ПРЕСТАНОК И ОБНОВУВАЊЕ НА СТАТУСОТ НА СТУДЕНТ

- На студентот му престанува статусот на студент во следниве случаи:

1. ако дипломира;
2. ако не ги заврши студиите во рокот утврден со закон и со оваа Одлука на студирање;
3. ако се испише;
4. ако е исклучен;
5. ако не изврши упис на семестар во роковите утврдени за упис;
6. заради причини наведени во договорот за студирање.

- Статусот на студент може да биде обновен на барање на студентот, само доколку статусот не престанал со трајно исклучување. Барањето се поднесува преку Архивата на Факултетот до Одделението за студентски прашања, на пропишан образец. Кон барањето за обновување на статусот на студент приложува индекс, уверение за положени испити и молба за признавање на испити.
- Студентот на кој му е обновен статусот, ги продолжува студиите со плаќање школарина.
- Доколку за време на прекинот на студиите се изменила студиската програма продолжува да студира по студиската програма која се применува во моментот на обновување на статусот на студент.
- Трошоците за обновување на статусот ги поднесува студентот

ОСТВАРУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА СТУДЕНТИТЕ

- Комуникацијата помеѓу Факултетот и студентот се врши во материјална или електронска форма.
- Кога комуникацијата се врши во материјална форма, доставата помеѓу Факултет и студентот се врши преку архивата на Факултетот.
- Кога комуникацијата се врши во електронска форма и преку Iknow системот, доставата помеѓу Факултетот и студентот се врши преку електронските сандачиња на Факултетот и на студентот.
- За остварување на правата на студентот одлучува Деканот, освен за прашањата за кои поинаку е утврдено со Правилникот или оваа Одлука.
- Барањето за остварување на некое свое право студентот го поднесува до Деканот, во писмена форма, придружено со соодветна документација.
- Деканот одлучува во рок од 30 дена од приемот на барањето.
- Доколку Деканот не одлучи во утврдениот рок, наредниот ден по истекот на рокот, студентот има право истото барање да го поднесе до деканатската управа, која е должна да одлучи на првата наредна седница од приемот на барањето.



ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ И ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА СТУДЕНТИТЕ ВО ДИСЦИПЛИНСКАТА ПОСТАПКА

- За повреда на должностите и за неисполнување на обврските, по спроведена дисциплинска постапка, на студент може да му се изрече дисциплинска мерка.
- Дисциплинска мерка изрекува комисија за дисциплински мерки на Факултетот.

- Како *лесни дисциплински повреди* се сметаат:

1. нарушување на јавниот ред и мир во текот на наставата;

2. непристојно однесување спрема наставниците, соработниците или другите вработени, како и спрема другите студенти;

3. регистрирање присуство на настава на друг студент;

4. небрежно однесување спрема имотот на единицата, што може да доведе до оштетување во проценет износ до 100 евра во денарска противвредност

- Како *тешки дисциплински повреди* се сметаат:

1. поседување и користење направи за телефонска и електронска комуникација во текот на испитите;

2. препишување или давање каква било помош на друг студент во текот на испитите;

3. недозволено носење опрема за аудио и/или видеофиксирање на авторско дело, вклучувајќи и приклучени мобилни телефони, од страна на студентите, при изведувањето на предавањата, вежбите и интерактивната настава;

4. плагијаторство во форма на пренесување туѓ семинарски труд, домашна задача или академски есеј или друга форма која требало да биде изработена самостојно или во група, во свое име;

5. физички напад со нанесување лесна или тешка телесна повреда;

6. вербална или реална навреда на наставник или соработник;

7. давање неточни податоци на органите на единицата;

8. упад во информатичкиот систем на Универзитетот, односно на единицата (веб-страница, електронски досиеја, интерни информациони мрежи и сл.);

9. оштетувања во проценет износ над 100 евра во денарска противвредност поради непридржување кон пропишаните правила или безобзирен однос спрема имотот на Универзитетот, односно единицата, како и присвојување предмети што се сопственост на Универзитетот, односно единицата;

10. повторени лесни дисциплински повреди.

ВИДОВИ ДИСЦИПЛИНСКИ МЕРКИ

- За сторена дисциплинска повреда, на студентот може да му се изрече една од следниве дисциплински мерки:

1. опомена;
2. јавна опомена;
3. исклучување (се применува за учебната година во која е изречена).

- мерка на студентот може да му се забрани полагање колоквиум или испит по соодветниот предмет во наредниот испитен рок.

- Мерката исклучување може да се замени со мерка забрана за полагање на испитот до 3 испитни рока.
- Со цел индивидуализација во определувањето на дисциплинските мерки, се води сметка за приспособување на изречената мерка според тежината на сторената дисциплинска повреда.
- Доколку дисциплинската повреда е сторена во врска со наставата (предавања, вежби, континуирано и завршно оценување), со изрекувањето на дисциплинската мерка на студентот може да му се забрани полагање колоквиум или испит по соодветниот предмет во наредниот испитен рок.

ФАКУЛТЕТСКО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ

- Факултетското студентско собрание е тело на Факултетот во кое членуваат претставници од студентите од Факултетот, кои ги претставуваат нивните интереси, барања и предлози.
- Членовите и претседателот на Факултетското студентско собрание се избираат на непосредни, фер и демократски избори со тајно гласање, со мандат од една година и со право за уште еден избор.
- Факултетското студентско собрание брои 10 претставници на студентите и претседател.
- Право да избираат и да бидат избрани за членови на Факултетското студентско собрание имаат сите студенти на Факултетот, кои се запишани на студии во учебната година/семестар во кој се избираат претседателот и Факултетското студентско собрание.



СТУДЕНТСКИ ПРАВОБРАНИТЕЛ

- Заради заштита на правата на студентите на Универзитетот, се избира студентски правобранител од редот на редовните студенти на Универзитетот.
- Студентскиот правобранител ги штити законските права на студентите и правата утврдени со актите на Универзитетот и на единиците.

КОРИСНИ ИНФОРМАЦИИ

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СТУДЕНТСКИ ПРАШАЊА

Работно време
со студенти: 11 - 13 :00 часот

Е-пошта: studentskiprasanja@fznh.ukim.edu.mk
kilioska@fznh.ukim.edu.mk
vsokolovska@fznh.ukim.edu.mk

Тел: +389 75 327 846
+389 72 805 224



QR код од локација

ЛОКАЦИЈА

Факултет за земјоделски науки и храна

ул. „16-та Македонска Бригада“ бр.3

П. фах 297

1000 Скопје

КОНТАКТ

Тел: +389 2 3115277

Интернет адреса: www.fznh.ukim.edu.mk

Е-пошта: contact@fznh.ukim.edu.mk

УНИВЕРЗИТЕТ СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА-СКОПЈЕ